РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-202/2
27-08-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 22 –та седница, одржана на ден 27.08.2025, ја донесе следнава

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 09-2475/1 од 17.09.2024 година оформен по пријава против Јавното претпријатие -----------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК утврди дека наводите од пријавата кои укажуваат на постоење судир на интереси не се потврдуваат, по што нема елементи за натамошно надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-2475/1 од 17.09.2024 е оформен врз основа на пријава од познат подносител во која се изнесуваат наводи за постоење судир на интереси, против ЈП ------- во врска со тоа дека ПЗУ поликлиниката ------ вршела проценка на ризик на работни места за ЈП -------- и во исто време вршела и систематски лекарски прегледи на нивните вработени. Пријавителот наведува дека се вршеле систематски прегледи на една година според проценката на ПЗУ ----------, иако во законот се предвидува систематски прегледи за вработените да се врши на 24 месеци.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба, ДКСК прибираше податоци и документација од страна на ЈП ----------, по што ја констатира следната состојба:

Со член 42 од Законот за работните односи е уредено дека работодавачот мора да обезбеди услови за безбедност на животот и здравјето на работниците во

согласност со посебните прописи за здравје и безбедност при работа како и дека работодавачот треба да направи проценка на ризикот во смисла на систематски преглед на сите аспекти на работата, со цел да се идентификуваат можните причини за повреди или оштетување на здравјето на работниците или безбедните работни услови.

Согласно наведената законска обврска ЈП ---------, во текот на 2012 година, по спроведена јавна набавка има склучено Договор за јавни набавки на услуга број 359-07/12 од 31.07.2012 година, со кој се утврдуваат правата и обврските на договорениот орган и економскиот оператор во врска со извршување на услугите - проценка на ризик и коцепт на изјава за безбедност на работното место.

Во прилог на документацијата доставена е анализа на работни места- Заклучок за работни места, број на извршители и ниво на ризик изготвен од страна на ПЗУ --------, со кој е извршена проценка на ризик на вработени изложени на средно висок ризик на работното место. Понатаму, во анализата е наведено дека со цел да се превенираат повреди, професионални болести и болести во врска со работата, потребно е периодичните прегледи во јавнотот претпријатие да се практикуваат на 12 месеци.

ДКСК констатира дека ЈП ----спроведува систематски прегледи секоја година, согласно анализата, со цел да се превенираат повреди, професионални болести и болести во врска со работата на своите вработени, со постапка за јавна набавка и има склучено Договор за јавни набавки. Конкретно со наведената ПЗУ има склучено договор за јавна набавка и таа има вршено систематски прегледи.

Имајќи предвид дека во член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е уредено дека под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности, ДКСК утврди дека во конкретниот предмет не е настаната состојба на судир на интереси од причина што станува збор за две набавки, односно за две различни видови на услуги, кои се реализирани согласно Законот за јавните набаки преку постапки предвидени во истиот.

Имено, согласно Законот за јавните набаки, како и одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кои го предвидуваат постоењето и постапувањето од страна на службените лица во ситуации на судир на интереси,

не постои забрана за учество на ист економски оператор во две различни постапки за набавка на услуги.

Имајќи го во предвид се погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на ден 27.08.2025 година одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: М.М. – соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р. – член на ДКСК